# РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР

*дипл.економист Ромео Костадинов*

## *РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*

***К-15, регресот за годишен одмор, задолжително се исплатува до 31.12.2022. Субјектите кои имаат финанаиски потешкотии, можат да исплатат под минималниот пропишан износ, по претходно исполнување на условите и спроведена постапка, согласно Колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанството.***

### *ВОВЕД*

Обврската за пресметување и плаќање на регресот за годишниот одмор или К-15, се однесува и за 2022 година, за правните лица од приватниот сектор, кои се обврзани да пресметуваат и исплатуваат надоместок за годишен одмор.

Согласно одредбите од член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ“ 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), регресот за користење годишен одмор, се утврдува како право на надомест на трошоците поврзани со работата.

Исплатата на надоместокот, се врши за вработените кои ги исполнуваат пропишаните услови, за стекнување со правото на регресот за годишен одмор за 2022 година.

ОКДПСОС предвидува одредени олеснувања, за исплатата на К-15, при постоење отежнати околности во работењето.

Зголемувањето на износот на даночно признат расход минатата година, ги зголеми можностите за исплата на повисок износ на К-15, споредено со исплатите во претходните периоди.

## *1. ДАЛИ К-15 Е ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЗА ИСПЛАТА*

Согласно одредбите од член 35 од ОКДПСОС, исплатата на регресот за годишен одмор за 2022 година е задолжителна за вработените кај приватниот сектор од областа на стопанството, од најмалку минимално пропишан износ, освен при постоење на финансиски потешкотии во работењето.

Отпочнувајки од 2014 година, со одредбите од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, (ОКДПСОС), се утврди и минимален износ на регрес за годишен одмор, што не беше регулирано во претходниот период (заклучно со 31.12.2013 година).

Од 2016 година, минималниот износ доби условно флексибилен карактер, кој се задржа и при исплатата на К-15 за 2022 година.

Карактеристика за работењето и во 2022 година, претставува попречувањето на редовното обавување на деловна активност, предизвикано од COVID 19. Поради наведените причини, одредени компании се соочија со потешкоти во своето работење, кои предизвикаа нарушувања на финансиските текови, а со тоа и финансиски слабости во извршувањето на нивните обврски.

Покрај непогодностите, кои сеуште се присутни кај повеќето деловни субјекти, обврската која е пропишана со одредбите од ОКДПСОС за исплата на К-15, не подлегна на измени и суштински нуди задоволително решение за правните субјекти.

### *1.1. Исплата на регрес (К-15 до 2014 година)*

Пред воведувањето на задолжителната обврска за исплата на К-15, исплатата беше доброволна и условена од гранската припадност на деловниот субјект.

Висината на регресот за годишен одмор (заклучно со 31.12.2013 година), се определуваше врз основа на одредбите од гранските колективни договори, но исплатата зависеше од волјата на работодавачот, како и од економско-финансиската состојба на правниот субјект.

Условите се променија по извршените измени во ОКДПСОС - Спогодбата за продолжување на траењето на колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанст-

вото во РМ, ("Службен весник на РМ" 189/2013) за 2014 година, при што се напушти определувањето на висината за исплата, спрема гранскиот принцип, се пропиша задолжителната исплата и се определи минималната основица.

### *1.2. К-15 во период од 2015 до 2021 година*

Согласно одредбите до член 35 алинеа 8 од Спогодбата за измена и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор („Службен весник на РМ" 189/13), која стапи на сила на 01.01.2014 година, се утврди обврската на работодавачот за пресметка и исплата на регрес за користење годишен одмор, во висина ***од најмалку 40% од основицата***.

Покрај тоа што со одредбата се определи најнискиот износ за исплата на регресот (**40% од основицата - просечната месечна нето плата по работник во РМ исплатена во последните три месеци, врз основа на објава од страна на Државниот завод за статистика на крајот на секој месец**), се пропиша и задолжителната исплата, доколку вработениот ги исполнува условите, за да се стекне со К-15.

## *2. К-15 ВО 2022 ГОДИНА*

Врз основа на измените на Спогодбата за измена и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор („Службен весник на РМ" 119/15), која стапи на сила на 14.07.2015 година, се пропиша флексибилна основица за К-15, за 2015 година, која се применуваше и во претходната 2021 година и остана да важи и при исплатата на К-15 за 2022 година.

Притоа со ОКДПСОС се изврши класифицирање за цели на К-15, помеѓу субјекти кои **немаат** потешкотии во работењето и субјекти **со потешкотии во работењето**.

Класификацијата "субјекти кои **немаат** и субјекти **со** потешкотии во работењето" за претходните години, се темелеше врз параметрите, кои како финансиски показатели се оствариле со работењето во претходната година.

Во 2022 година, класификацијата не ги зема во предвид само финансиските показатели од претходната, туку и состојбата во тековната година, заради рестрикциите при работењето, предизвикани од спроведување на мерките за заштита од COVID-19.

### *2.1. К-15 кај субјекти без потешкотии во работењето*

Раздвојување на два вида субјекти, со и без потешкотии во работењето, е извршено по барање на работодавачите.

Согласно категоризацијата, разликуваме субјекти кои не се со задоволителна финансиска кондиција и субјекти кои не манифестирале потешкотии во работењето, иако условите не се прецизно определени, за да може да се направи јасна граница за наведениот критериум.

Согласно одредбите од член 35 став 1 алинеја 7, висината на регресот за годишен одмор за вработените во приватниот сектор од областа на стопанството во РМ, се определува на износ од најмалку **40%** од **основицата**.

**Основицата** за пресметување на надоместоците на работниците, преставува **просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија**, исплатена во последните три месеци.

Просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци (март - април – мај 2022), податок кој се користи како основица за исплата на минималниот регрес за годишен одмор, почнувајќи од 01 јули 2022, **износува 30.808,00 денари, која се применува до следна објава на нов податок (за јули од 22.07. – новата основица износува 31.337,00 денари)**.

Пропишаниот **минимален** износ на К-15 за јули година (до 22.07.2022) износува **40% од 30.808,00,** односно **12.323,00 денари (за јули 12.535,00; 40% од 31.337,00),** за субјектите кои немаат потешкотии во работењето за исплата на минимално пропишаниот К-15.

Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач, **може** да се утврди регрес за годишен одмор **во поголем износ** од износот утврден со колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанството во РМ.

Регресот за годишен одмор е ограничен, како минимален и максимален износ за исплата.

Субјектите без потешкотии во работењето во 2022 година, се деловните субјекти кои не бележат драстичен пад на приходите во првото полугодие од годината и не се во групата на субјекти кои бележат прекин во работењето.

***2.2. Понизок износ на К-15, за субјекти со потешкотии во работењето***

Финансиските потешкоти во 2022 година, ги опфаќаат и причините кои го нарушија редовниот економски циклус, поради мерките за заштита и спречување на ширењето на COVID 19.

Намалениот обем на работа, поради спроведување на мерките за заштита и спречување на ширењето на COVID 19, со кои деловните субјекти искажуваат незадоволителни резултати, влегуваат во категоријата на финансиските потешкоти во работењето за 2022 година.

Согласно одредбите од член 35 став 4, кај работодавачите, кај кои настанале потешкотии во работењето, ценејќи ја економско – финансиската состојба на работодавачот, **по задолжителна претходна консултација** со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација, може да се утврди регрес за годишен одмор **во помал износ од 40%** од основицата, утврдена со колективниот договор, односно помал износ од **12.323,00** денари, **за исплата** до **21.07.2022** година, односно под **12.535,00** за исплата **од 22.07.2022 година**.

Согласно одредбите од член 35 став 4, кај работодавачите во кои немаат формирано синдикат, спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците.

Заради исполнување на условот за потпишување на спогодба со “избран претставник на вработените”, претходно задолжително треба да постои акт, со кој се верифицира статусот на “избран претставник на вработените”.

Вообичаена процедура на избор се спроведува на барање на управен орган до колективот, односно до вработените, кои треба да се изјаснат за наименувањето.

Согласно наведеното, **не постои пропишан минимален износ на К-15**, за субјектите, кај кои настанале потешкотии во работењето.

Висината на регресот за годишен одмор, кај субјектите кај кои настанале потешкотии во работењето, **се определува спогодбено**, помеѓу работодавачот и репрезентативната синдикална организација.

Кај работодавачите, кај кои **не постои** репрезентативна синдикална организација, спогодбата се потпишува од избран претставник на вработените.

И во едниот и во другиот случај, наведената спогодба се склучува по претходна задолжителна консултација со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел.

Казнените одредби од Законот за работни односи, **во поглед на неисплатениот износ на К-15, односно неисполнување на обврската за К-15 за 2022 година, ќе се применуваат кај работодавачите, кои се повикуваат на неуспешни преговори и не постигнување спогодба за износот на К-15, како причина за неисплатување**.

Во случај на постигнување спогодба, на начинот наведен во колективниот договор, работодавачот може да исплати понизок износ од минималниот од 40% од просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци, односно помалку од **12.323,00** денари (под 12.535,00 од 22.07.2022).

Вредноста на К-15 во овој случај, спогодбено треба да се утврди, врз основа на финансиската состојба, за исплата без финансиски штетни последици за друштвото.

Постоењето на финансиски потешкотии во работењето секако е услов за намалување на износот за исплата на К-15, но не и можност за избегнување на исполнување на обврската.

### *2.3. Максимален износ за исплата на К-15*

Максимален износ за исплата на К-15 не е пропишан согласно закон, Колективен договор или друг подзаконски акт.

Согласно цитираните регулативи пропишана е основицата од која се пресметува минималниот К-15, кој е обврска за исплата.

Со законските одредби за оданочување со данок на личен доход и данок на добивка се доаѓа до позиција од која може да се очекува ограничување на износот за исплата, но како израз на слободна волја на исплатувачот.

Со Законот за оданочување со данок на личен доход не се утврдува износ, согласно кој би можело да се третира максимален износ на К-15.

Законот за данокот на добивка утврдува и признава основица за пресметување на максималниот даночно признат расход, како 80% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата.

Аналогно на наведеното, лимитирачки фактор за определување на максималниот даночно признат расход за К-15 претставува 80% од определената основица, што повлекува и определување на максимален износ на К-15, во висина на основицата, од која се определува даночно признатиот расход.

За 07.2022 година до 22.07.2022 година, основицата за утврдување на максимално дозволениот даночно признат расход изнесува 47.092,00 МКД, а од 22.07.2022 изнесува 46.972,00 МКД.

Износот на 100% утврдената основица, од која се определува 80% даночно признат расход за К-15, претставува и највисок износ на дозволена вредност за исплатата на К-15.

### *3. УСЛОВИ ЗА ИСПЛАТА НА К-15 ЗА 2022 ГОДИНА*

Регресот за годишен одмор, се исплатува еднаш во текот на годината.

Износот се утврдува според основицата, која важи на денот на донесувањето на одлуката за исплата.

Условот за стекнување со право на исплата на регрес за годишен одмор, е работникот да работел, **над шест месеци во календарската година (2022), кај истиот работодавач.**

Со колективен договор на ниво на гранка, односно оддел или колективен договор на ниво на работодавач, може да се утврди регрес за годишен одмор во повисок износ, од износот утврден со ОКДПСОС.

Утврдувањето на висината на регресот се врши според основицата, која е **со важност на денот** на донесување на одлуката за исплата.

Согласно одредбата од член 35 од ОКДПСОС, регресот за годишен одмор, се исплатува еднаш во текот на годината.

Со спогодбата, како и со ОКДПСОС, односно Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05 …110/19, 267/20, 151/21, 288/21), не се предвидени прекршочни санкции, ниту глоба, во случај регресот за годишен одмор, да се исплати во

неколку наврати, иако се потенцира дека неговата исплата се врши еднаш во текот на годината.

Исплатата на регресот за годишен одмор, согласно Законот за работни односи и ОКДПСОС, се врши до крајот на годината, односно **до 31.12.2022 година**, а може да отпочне од **01.07.2022**, за вработените **кои оствариле 6 (шест) месеци работен стаж, кај работодавачот за календарската 2022 година**.

**Напомена**: К-15 би требало да се исплати најкасно со 31.12.2022, односно денот на доставувањето на годишната сметка за 2022 година т.е. 15.03.2023 година. **Неисплатениот К-15**, до денот на доставувањето на ДБ, за 2022 година, не добива третман на **даночно непризнат расход** и **не ја зголемува** даночната основица за данок на добивка за 2022 година (за разлика од 2019, кога неисплатениот дел на К-15 до 15.03. се третираше како даночно непризнат расход).

Даночен кредит во ДБ за 2022 година, **не може да се користи, доколку К-15 за 2021 година, е исплатен после 15.03.2022 година**, бидејќи не постои основ согласно законот.

### *4. КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР И К-15*

Правото на годишен одмор му припаѓа на секој работник, кој е во работен однос и кој ги исполнува законските услови.

Правото на годишен одмор, следува за секоја календарска година и секогаш е проследено со правото на надоместок на плата, а од 01.01.2014 следува и правото на регрес, кој за приватниот стопански сектор, согласно ОКДПСОС е задолжителен.

Траењето на годишниот одмор, се определува според времето поминато во работен однос, сложеноста на работното место, условите за работа, здравствената состојба на работникот и други критериуми утврдени со колективен договор.

Празниците, саботите и неделите и слободните денови, отсуствата поради боледување, како и другите случаи на оправдано отсуство од работа, не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.

Како ден на годишен одмор, се смета секој работен ден, кој според распоредот на работното време кај работодавачот, за конкретниот работник е одреден како работен ден.

Работникот се стекнува со правото на цел годишен одмор, кога ќе оствари непрекината работа од најмалку шест месеца, без оглед дали работникот работи полно работно време или пократко работно време од полното.

Работникот има право на користење на пропорционален дел на годишниот одмор, во вкупен износ од по два дена, за годишниот одмор, од секој месец работа, ако:

**1) Во календарската година, во која склучил работен однос, не се стекнал со правото на користење на целосен годишен одмор (од вработувањето остварил помалку од 6 месеци во годината) и**

**2) Му престанал работниот однос пред изминувањето на рокот, на кој по истекувањето би добил право на целосен годишен одмор (работел под 6 месеци пред отказот).**

Потребите на работниот процес, како и можностите за одмор и рекреација на работникот, односно земањето во предвид на семејните обврски на работникот, се одлучувачки фактори при користењето на годишниот одмор.

Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година, **може да се користи и во два дела**, со тоа што **првиот дел задолжително трае најмалку 12 работни дена**.

Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди **искористување на 12 работни дена годишен одмор, до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни наредната година.**

Годишниот одмор, којшто не бил искористен во тековната година, заради отсутност поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, работникот **има право да го искористи до 30 јуни, идната календарска година.**

Работникот по престанувањето на работниот однос има право на обештетување за неискористениот дел од годишниот одмор.

Ништовна е каква било спогодба со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор или од обештетувањето за годишниот одмор.

Должината и начинот на користењето на годишниот одмор во установите од областа на образованието и науката се уредуваат со прописите од областа на образованието и науката, поради специфичноста на оваа област, која подразбира посебен режим на одмарање, поврзан со законски пропишаните периоди за одмор на учениците и наставниот кадар во училиштата.

Работникот има право еден ден од годишниот одмор да го искористи на ден којшто самиот ќе го определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести работодавачот, најдоцна три дена пред користењето.

## *5. ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД И К-15*

Согласно одредбите на Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/18 и "Службен весник на РСМ" 275/19 ... 85/21), регресот за годишен одмор, како доход од работа, се оданочува со данок на личен доход.

Согласно одредбите од член 12 од Законот за данок на личен доход, предвидени се ослободувања за доходот од работа - надоместоците од работен однос. Во наведената одредба не постои пропишано ослободување од данок на личен доход, за регресот на годишен одмор.

Согласно одредбата од член 14 од Законот за данок на личен доход, доход од работа претставува секој доход што го остварува обврзникот по основ на работен однос, вклучувајќи го и доходот по договор за повремено или привремено вршење услуги на органите на државната управа, на домашните и странските правни и физички лица, како и на домашните странските физички лица што вршат самостојна дејност, ако со законот за данок на личен доход, не е изземен од оданочување.

Согласно одредбата од член 15, доход од работа во смисол на член 14 од законот, претставуваат:

**1) Остварената плата и надоместокот на плата** од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот, намалени за придонесите од задолжително социјално осигурување и даночното намалување за месецот за кој се исплатува платата;

**2) Износот на надоместоците на трошоци од работен однос исплатени над износите од членот 12** на законот за данок на личен доход и сите други надоместоци на трошоци

поврзани со работа утврдени со Законот за работните односи, ОКДПСОС, гранските колективни договори, колективен договор на ниво на работодавач и прописите за органите на државната управа и износот на надоместокот за закуп на имот како и износот на надоместокот на трошоци поврзани со закупот на имотот на вработено лице, кога надоместоците ги плаќа работодавачот;

**Основа за пресметување на данокот на личен доход од работа, претставува износот на надоместоци на трошоци од работен однос** исплатени над износите од член 12 на законот и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа, утврдени со Законот за работните односи, ОКДПСОС, гранските колективни договори и прописите за органите на државната управа.

Согласно одредбите од член 84 од Законот за данокот на личен доход, член 24 од ***Законот за измена на законот за данокот на личен доход,*** (“Службен весник на РСМ“ 275/19 ... 85/21), утврдување и наплата на аконтација на данокот на доход по одбивка, се врши за следните видови доходи:

1. **доход од работа;**
2. **доход од самостојна дејност;**
3. **доходот од авторски и сродни права и**
4. **доходот од продажба на сопствени земјоделски производи (ако исплатувачот на доходот води деловни книги);**
5. **доход од права од индустриска сопственост;**
6. **доход од закуп и подзакуп (ако исплатувачот на доходот води деловни книги);**
7. **доход од капитал;**
8. **капитални добивки;**
9. **доход остварен од добивки од игри на среќа;**
10. **доход од осигурување и**
11. **друг доход,**

се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена **на единствена стапка од 10%**, а пресметаниот и платениот данок по одбивка се смета за конечно намирена обврска.

Пресметката и плаќањето на данокот на доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права, доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, доходот од права од индустриска сопственост, доходот од закуп и подзакуп, доходот од капитал, капиталните добивки, до-

ходот од осигурување и друг доход **за 2020, 2021 и 2022 година**, **ќе се врши по стапка од 10%.**

Согласно наведеното, аконтација за данок на личен доход се пресметува при исплатата на К-15, за секој поединечен вработен, **по стапка од 10%** (**11,1111% од нето исплатениот К-15**).

Аконтацијата за К-15, ќе се пресметува по 11,1111%, а аконтативниот износ се смета за конечно измирена годишна даночна обврска.

Уплатата на аконтацијата за данок на личен доход се врши збирно по Општините, во кои вработените кои примаат К-15, имаат живеалиште, односно престојувалиште, на следната **уплатна сметка**:

**840 – општина – 1284; приходна шифра 711131.**

**Минимален износ за исплата на К-15, согласно ОКПДСОС, изнесува 12.323,00 денари (30.808,00 х 40% за јули 2022 (од 22.07.2022 новиот податок изнесува 12.535,00, 31.337,00 х 40%).**

Согласно одредбите од член 35 од ОКПДСОС, основицата за пресметување на надоместоците на работниците, претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.

**НАПОМЕНА: Висината на износот зависи од моментот на донесување на Одлуката за исплата на К-15, од страна на работодавачот.**

Без оглед на висината на пропишаниот износ за исплата на К-15, целокупниот исплатен износ подлежи на данок на личен доход, **било тоа да е 12.323,00 (Минимално пропишан) или повисок износ од Минимално пропишаниот.**

**НАПОМЕНА: Наведените минимален и максимален износ се определени, како нето износи за исплата, согласно одредбите на ОКПДСОС и Законот за работни односи, а давачките дополнително се пресметуваат на нето основиците.**

Основа за пресметување на данокот на добивка за соодветниот даночен период, претставува износот на добивката зголемена за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи.

Сметководствената бруто добивка се утврдува според прописите за сметководство и воспоставените деловни политики и практики. Сметководствената бруто добивка за одреден даночен период, **подлежи на оданочување со 10%** данок на добивка, врз основа на утврдената пресметка на **Образец ДБ.**

Согласно член 11 став 1 точка 2 алинеја 6 од Законот за данокот на добивка ("Службен весник на РМ" 112/14 ... 275/19 и ("Службен весник на РСМ" 290/20), за оданочиви расходи и помалку искажани приходи се сметаат:

**1) Расходите кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност;**

**2) Надоместоците на трошоци и други лични примања од работен однос, освен утврдените со оваа точка, во износи кои не го надминуваат:**

- **износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 80% од просечната месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата.**

**За 07/2022 (до 21.07) 46.972,00 x 80% = 37.578,00 МКД**
**од 22.07.2022 - 31.07.2022 (47.092,00 x 80% = 37.674,00 МКД).**

Не се оданочува **(ослободен од данок на добивка**) износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од **80% од просечната месечна бруто плата по работник во РМ**, објавена до денот на исплатата, или помалиот износ од наведеното, утврден со спогодбата помеѓу работодавачот и вработените, односно синдикатот.

**Износот на К-15 до 37.578,00 и 37.674,00 денари не подлежи на оданочување со данок на добивка, без оглед дали истиот е исплатен до 15.03.2023 година.**

Износите на исплатен К-15, **кои ја надминуваат висината од 37.578,00 и 37.674,00 денари, подлежат на оданочување со данок на добивка,** со тоа што износот **над наведениот** пропишан максимален износ на даночно признат расход, ја зголемува даночната основица за данок на добивка во Образец ДБ, **без оглед на тоа дали е исплатен или не,** до 15.03.2023.

**НАПОМЕНА: Даночно признатиот расход за К-15 за месец Јуни/2022 година се утврдува на износ од 37.578,00 до 22.07.2022 и 37.674,00 МКД, од 22.07.2022 пресметан како 80% од просечна-та месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата.**

**Прилог:**

- Одлука за исплата на К-15 за 2022 година,
- Спогодба за исплата на К-15 во помал износ од минималниот.

Врз основа на член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ“ бр.115/14 – пречистен текст и измените во бр.119/15 и 15/2016) и член ___ од Колективниот договор (се цитира колективниот договор на ниво на работодавач, а ако нема на ниво на гранка, односно дејност), Управниот одбор (управителот или друг орган кој е надлежен за донесување одлуки), на _______ 2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За исплата на регрес за годишен одмор за 2022 година**

На вработените во друштвото им се исплатува регрес за користење годишен одмор за 2022 година, во висина од _________ денари.

Регресот за годишен одмор ќе се исплати на _________ 2022 година.

Право на регрес за годишен одмор, имаат работниците кои се стекнале со право на користење годишен одмор и кои ќе се стекнат со тоа право во текот на 2022 година.

Работниците, кои во 2022 година, ќе се стекнат со право на користење на пропорционален дел од годишниот одмор, имаат право на **пропорционален дел од регресот** за годишен одмор.

Средствата за исплата на регресот ќе се обезбедат од тековното работење (да се наведе изворот на средства кредит, позајмица или друго) .

Одлуката да се достави до:

Финансиска служба;
Архива.

**Управител**

______________

Врз основа на член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РСМ“ 84/2010...119/15;110/19), меѓу работодавачот ______________________________, застапуван од управителот ________________________ и репрезентативниот синдикат на вработените кај работодавачот, претставуван од _____________ (или претставник на вработените), се склучува:

**СПОГОДБА**
**за исплата на регрес за годишен одмор во помал износ**

**Член 1**

Поради настанати потешкотии во работењето на друштвото, предизвикани од нереализирани договори, поради состојбата предизвикана од пандемијата на COVID – 19, по извршените консултации со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел, страните се договорија на вработените да им се исплати регрес за годишен одмор за 2022 година во помал износ од минимално пропишаниот со ОКДПСС, односно во висина од __________ денари.

**Член 2**

Работодавачот се обврзува да донесе одлука за исплата на регрес за годишен одмор во рок од _____ дена по потпишувањето на Спогодбата.

**Член 3**

Спогодбата стапува на сила со денот на потпишувањето.

Спогодбата да се достави до:

- Репрезентативниот синдикат;
- Управителот и
- Архивата.

**Репрезентативен синдикат/Управител**

_____________________

# ФИНАНСИИ

М-р. Магдица Костадинова

## ПРЕСМЕТКА НА КАЗНЕНА ЗАТЕЗНА КАМАТА

***Согласно Објавата на Народна Банка на РСМ, референтната стапка за пресметување на стапката на казнена камата, за период од 01.07 до 31.12.2022 година изнесува 2%.***

***ВОВЕД***

Казнена камата преставува надомест за стварната или претпоставената штета, што ја трпи доверителот, поради тоа што е лишен од употреба на своите пари, заради задоцнување на должникот.

Казнена камата, претставува казна за неуредниот должник, односно средство за притисок, со цел да се обезбеди навремено исполнување на обврската.

Доверителот има право на казнена камата, без разлика дали претрпел штета, поради должниковото доцнење.

Ако штетата, што ја претрпел доверителот, поради должниковото доцнење, е поголема од износот што би го добил на име на казнена камата, тој има право да ја бара разликата до целосниот надомест на штетата.

***До 31.01.2010 година,*** пресметката на затезната камата се вршеше согласно Законот за висината на стапката на затезна камата ("Службен весник на РМ" 65/92; 70/93), односно ***со примена на конформна метода*** и со ***стапка на затезна камата во висина на есконтната стапка, што ја утврдуваше НБРМ, зголемена за 200%.***

Новиот начин на пресметка на казнена **камата, почнувајки од 01. 02. 2010 година, се врши согласно член** 266 до 268-а од Измената на Законот за Облигациони односи ("Службен весник на РМ" 161/09) и Одлуката за референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата, која ја објавува Народна Банка на РС Македонија.

## *1. КАЗНЕНА ЗАТЕЗНА КАМАТА*

Согласно член 266 од Законот за Облигациони односи ("Службен весник на РМ" 18/01; 4/02; 5/03; 84/08; 81/09; 161/09; 123/13, 215/2021), ***(во продолжение – Законот),*** должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска, ***долгува, покрај главнината и казнена камата.***

Стасаноста на обврската за плаќање на казнена камата, се определува согласно со правилата на законот, што се однесуваат на определувањето на времето на исполнување на обврските.

Доколку стасаноста не може да се определи на овој начин, а станува збор за побарување од прометот на стоки и услуги меѓу трговци или трговци и лица на јавното право, обврската за плаќање на казнената камата, стасува во еден од следниве денови, без потреба од доставување опомена:

- **30 дена** од денот на приемот на фактурата или соодветното барање за исплата или;
- **ако денот на приемот** на фактурата или соодветното барање за исплата не може да се определи со сигурност, 30 дена по приемот на стоките или услугите или;
- **ако должник**от ја прими фактурата или соодветното барање за исплата пред приемот на стоките и услугите, 30 дена од приемот на стоките или услугите или;
- **ако со закон** или договор е предвидена постапка за прием или потврдување, со која се утврдува сообразноста на стоките или услугите, а должникот ја прими фактурата или соодветното барање за исплата, пред или на денот на приемот или потврдувањето, **30 дена** од денот на приемот, односно потврдувањето.

## *2. ВИСИНА НА СТАПКАТА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА*

### *2.1. За денарски обврски*

Согласно член 266-а **од Законот,** стапката на казнената камата се определува **за секое полугодие** и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народната банка на Република Македонија **(референтна стапка),** што важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие, зголемена за:

- **10 (ДЕСЕТ)** процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, (**односно помеѓу две правни лица** );
- **8 (ОСУМ)** процентни поени во договорите, во кои барем едното лице не е трговец - законска казнена камата **(помеѓу правно и физичко лице).**

### *2.2. За девизни обврски*

Кога паричната обврска е изразена или определена во **СТРАНСКА ВАЛУТА,** стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на едномесечна стапка на **Еурибор** за евра, што важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие, зголемена за :

- **10 (ДЕСЕТ)** процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, (**односно помеѓу две правни лица** );
- **8 (ОСУМ)** процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец - законска казнена камата (**односно помеѓу правно и физичко лице).**

Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата, што важела на денот на склучување на договорот (**договорна казнена камата**). Се однесува само за трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, но **најмногу до 50 проценти,** повисока, од утврдената законска казнена камата.

Целосно или делумно е **ништовна** одредбата, со која се договара стапка повисока од стапката на законската казнена камата, ако од околностите на случајот, трговските обичаи или природата на предметот на обврската, произлегува дека со вака договорената стапка на казнена камата, спротивно на начелата на совесност и чесност, еднаква вредност на заемните давања и справедливоста, како и на одредбите за лихварските договори, е предизвикан очигледен несразмер меѓу правата и обврските на договорните страни.

При оценувањето, дали одредбата за определување на висината на стапката на договорната казнена камата е ништовна, предвид ќе се земе и дали постоеле **оправдани причини** за отстапување од висината на стапката на законската казнена камата.

***НАПОМЕНА:*** **Како лица на јавното право, во смисла на законот, се сметаат лицата кои се обврзани да постапу-ваат според постапката за јавни набавки, (државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје, правни лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес, здруженија основани од еден или повеќе државни органи, јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност, во кои државата има доминантно директно или индиректно влијание, преку сопственост над нив), освен трговците.**

***НАПОМЕНА***: **Народната банка на Република Македонија е должна на секој 2 јануари и на секој 1 јули, да ја објави референтната стапка на својата веб страница, која се применува за тековните шест месеци (до крајот на полугодието).**

### *3. ПРЕСМЕТКА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА*

Согласно измената на член 266-в од Законот, пресметката на казнената камата се врши со примена на декурзив-ниот едноставен каматен метод на стасаната главнина, **без додавање на казнената камата на главнината.**

Кога пресметката на казнената камата **се врши за пресметковен период подолг од една година**, износот на долгуваната казнена камата се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на годините на задоцнување, ***ќе се подели со бројот 100.***

Кога пресметката на казнената камата **се врши за пресметковен период, покус од една година**, износот на долгуваната казнена камата, се добива така што, производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на деновите на задоцнување, ***ќе се подели со бројот 36.500, односно со бројот 36.600, кога годината е престапна.***

### *3.1. Висината на казнена (затезна) камата за период од 01.01. до 31.12.2022 година*

Врз основа на член 266-а став 6 од Законот за облигациони односи и точка 3 од Одлуката за референтна стапка за пресметување на стапката на казнена камата, ("Службен весник на РМ" 139/08; 13/10), Народната Банка на Република Македонија, согласно ***Одлука бр. 02-21955/1 од 17.06.2022*** година, **ОБЈАВИ** дека референтната стапка за пресметување на стапката на казнена камата, за период од ***01.07 до 31.12.2022*** година изнесува:

**2%**

### 3.1.1. Парична обврска изразена во домашна валута

*а) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу* ***две правни лица:***

| | |
|---|---|
| - Референтна стапка; | 2% |
| - Зголемување на каматна стапка; | **10%** |
| - Стапка на законска казнена камата (2% +10%); | **12%** |

*б) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу* ***физичко и - правно лице:***

| | |
|---|---|
| - Референтна стапка; | **2%** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **8%** |
| - Стапка на законска казнена камата (2% + 8%); | **10%** |

### 3.1.2. Парична обврска изразена во СТРАНСКА ВАЛУТА

Кога паричната обврска е изразена во странска валута, стапката на казнената камата, се определува за секое полугодие и тоа во висина на едномесечната стапка на **Euribor** за евра, што важела на последниот ден на полугодието, што му претходело на тековното полугодие.

*а) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу **две правни лица:***

| | |
|---|---|
| - Едномесеча стапка на **Euribor** (**за I полугодие**); | **(-0,508%)** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **10%** |
| - Стапка на законска казнена камата (-0,508% + 10%); | **9,492%** |

*б) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу **физичко и - правно лице:***

| | |
|---|---|
| - Едномесеча стапка на **Euribor** (**за I полугодие);** | **(-0,508%)** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **8%** |
| - Стапка на законска казнена камата (0,508% + 8%); | **7,492%** |

**НАПОМЕНА: До 01 Февруари 2010 година, за пресметка на затезна камата се применуваше комфорниот метод, кој претпоставуваше капитализација на каматите на месечно ниво.**

### *3.2. Пресметка на казнена (затезна) камата за период ПОДОЛГ од една година*

Кога пресметката на казнената камата, се врши за пресметковен период ***подолг од една година,*** износот на долгуваната казнена камата, се добива така што, производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на годините на задоцнување, ***ќе се подели со бројот 100 (сто).***

Кога пресметката на казнената камата се врши за пресметковен период ***ПОДОЛГ ОД ЕДНА ГОДИНА***, формулата за пресметката е следната:

$$K = \frac{G \times Y \times p}{100}$$

**K –** Казнена камата;
**G –** Главнината **(долг односно побарување);**
**Y –** Број на години за кои се пресметува каматата;
**p –** Стапка на казнена камата.

**ПРИМЕР:** Друштвото **"НОРА"** ДОО од Скопје на 01.02.2021 година, продало трговска стока на Друштвото **"МАКО"** ДОО од Скопје во износ од 200.000 денари. Според Договорот, плаќањето требало да се изврши на 01.08.2021 година, но купувачот стоката ја платил на 01.02.2022 година.

Стапката на казнена камата, **изнесува 12%.**

**Година на доцнење: 1 година.**

**ПРЕСМЕТКА:**

$$K = \frac{200.000 \times 1 \times 12}{100} = 24.000,00 \text{ денари}$$

### *3.3. Пресметка на казнена (затезна) камата за период ПОКРАТОК од една година (помеѓу две правни лица)*

Кога пресметката на казнената камата се врши за пресметковен период ***пократок од една година***, износот на долгуваната казнена камата се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на деновите на задоцнување ***ќе се подели со бројот 36.500, односно со бројот 36.600, кога годината е престапна.***

Кога пресметката на казнената камата се врши за период ***ПОКРАТОК ОД ЕДНА ГОДИНА,*** формулата за пресметка е следната:

$$K = \frac{G \times Y \times P}{36.500\ (36.600)}$$

**K –** Казнена камата;
**G –** Главнината (**долг односно побарување);**
**Y –** Број на години за кои се пресметува каматата;
**P–** Стапка на казнена камата.

**ПРИМЕР:** Друштвото **"ХИПО"** ДОО од Скопје на 01.05.2022 година продало трговска стока на Друштвото **"ТОГО"** ДОО од Скопје во износ од 120.000 денари. Според Договорот, плаќањето требало да се изврши на 01.06.2022 година, но купувачот стоката ја платил на 01.07.2022 година.

**Денови на задоцнување: 30.**

Стапка на казнена камата за **II** полугодие 2022 година, изнесува 12%.

**ПРЕСМЕТКА:**

$$K = \frac{120.000 \times 30 \times 12}{36.500} = 1.184,00 \text{ денари.}$$

**НАПОМЕНА: Кога пресметката на казнената камата, се врши помеѓу правно и физичко лице, се зема стапката соодветна за периодот за кој се пресметува казнената камата, утврдена за соодветниот период според дадениот Преглед на висината на стапка на казнена и договорна камата, даден на крајот на текстот.**

**Идентичен резултат се добива и со примена на пропорционален метод:**

$$PS = \frac{P \times D}{365}$$

**Ps** – Пропорционална стапка за n денови;
**p** - пропишана годишна стапка;
**d** - број на денови за кои се пресметува каматата.

$$PS = \frac{12 \times 30}{365} = 0{,}9863\%$$

**120.000 x 0,9863% = 1.183,00 денари.**

***КНИЖЕЊЕ:***

| | | |
|---|---|---|
| 1251 - Побарувања за казнена камата | 1.183,00 | |
| 7742 - Приходи од казнени камати | | 1.183,00 |
| ***- (по каматна листа);*** | | |
| 1000 - Трансакциска сметка | 1.183,00 | |
| 1251 - Побарувања за казнена камата | | 1.183,00 |
| ***- (по извод).*** | | |

### *4. ПРЕСМЕТКА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА ЗА ДОГОВОРИ МЕЃУ ПРАВНИ ЛИЦА, КОГА ЛИЦЕТО ПЛАЌА ДЕЛ ОД ДОЛГОТ*

**ПРИМЕР:** Друштвото **"ТОРА"** ДОО од Скопје на 20.02.2022 година продало трговска стока на Друштвото **"АЛДИ" ДОО** од Скопје во износ од 150.000 денари. Според Договорот, плаќањето требало да се изврши на 07.03.2022 година, но купувачот дел од долгот, во износ од 65.00,00 денари, го платил на 15.03.2022 година, со задоцнување од 8 дена, а остатокот од долгот на 20.03.2022 година.

**ПРЕСМЕТКА:**

$$K = \frac{150.000 \times 8 \times 12}{36.500} = 395{,}00 \text{ денари.}$$

$$K = \frac{85.000 \times 13 \times 12}{36.500} = 363{,}00 \text{ денари.}$$

## *5. СТАПКА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА ЗА ДРУГИТЕ ВИДОВИ НА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ*

Согласно член 266-б од Законот на паричните обврски, што произлегуваат од другите видови на облигациони односи, се применува стапката на законска казнена камата за договорите, во кои барем едното лице не е трговец ***(физичко лице***), за соодветната валута, односно казнената камата се одредува, кога референтната стапка на последниот ден од полугодието, ***ќе се зголеми за осум процентни поени (8%).***

Во останатите видови облигациони односи спаѓаат: причинување штета, работоводство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како што е издршката.

Кога долгот е изразен или определен во странска валута, стапката на казнената камата се определува за секое полугодие ***и тоа во висина на едномесечна стапка на Еурибор*** за евра, што важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие, ***зголемена за 8 (осум) процентни поени.***

### *5.1. Утврдување стапка на законска казнена камата, кај останати видови облигациони односи*

#### 5.1.1. Утврдување на стапка на законска казнена камата

- Референтна каматна стапка на НБРМ 2%
- Зголемување на каматна стапка 8%
- Стапка на законска казнена камата за второ полугодие (2% + 8%) 10%

### 5.1.2. Утврдување на едномесечна стапка на Еурибор

- Едномесечна стапка на Еурибор во евра **(-0,508%)**
- Зголемување на каматна стапка **8%**
- Стапка на законска казнена камата за второ полугодие (-0,508 + 8%) **7,492%**

## *6. УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ДОГОВОРНАТА КАМАТА*

Согласно член 388 од Законот, стапката на договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право **се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата** утврдена во членот 266-а од Законот, зголемена **најмногу за 50 проценти.**

**Пример:**

- **Стапката на законска казнена камата 12%**
- **Износ за зголемување на стапката на законска казнена камата (12% x 50%) 6%**
- **Стапка на договорна камата (12% + 6%) 18%**

Стапката на договорната камата во договорите меѓу лица **од кои барем едното не е трговец**, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута, што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

Ако во договорите меѓу лица, **од кои барем едното не е трговец е договорена повисока каматна стапка** од дозволената, ќе се применува највисоката дозволена каматна стапка за соодветната валута.

**Целосно или делумно е ништовна одредбата за определување на висината на стапката на договорната камата** ако од околностите на случајот, трговските обичаи или природата на предметот на обврската произлегува дека со вака договорената стапка на договорна камата, спротивно на начелата на совесност и чесност, еднаква вредност на заемните давања и справедливоста, како и на одредбите за лихварските договори,

е предизвикан очигледен несразмер меѓу правата и обврските на договорните страни.

При оценувањето дали одредбата за определување на висината на стапката на договорната камата е ништовна, предвид ќе се земе и кои биле причините за така определена висина на стапка на договорната камата.

Ако во трговските договори или договорите меѓу трговци и лица на јавното **право е договорена повисока стапка на договорна камата од стапката на законската казнена камата**, а притоа не е договорена договорна казнена камата, по задоцнувањето со исполнувањето на паричната обврска, тече само договорната камата.

***Ништовна е одредбата на договорот која предвидува истовремено течење и пресметување на договорна казнена камата и законска казнена камата.***

Доколку во договорите помеѓу лица од кои барем едното не е трговец (***граѓанско лице***) е договорена повисока каматна стапка од дозволената, ќе се применува највисоката дозволена каматна стапка за соодветната валута.

**НАПОМЕНА: Значи дозволено е слободно определување на стапката на договорената камата, со тоа што истата не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата,** ***зголемена најмногу за 50%.***

Според новата измена, произлегува дека највисоко дозволената стапка е различна зависно од видот на валутата, т.е зависно од тоа дали долгот е денарски или девизен.

Во насока на ова е и решението според кое ако во договорите помеѓу лица од кои барем едното не е трговец (***граѓанин***) е договорена повисока каматна стапка од дозволената, ќе се применува највисока дозволена каматна стапка за соодветна валута.

### *6.1. Пресметка на камата кога не е определена стапката*

Согласно член 388 став 6 од Законот, ако плаќањето на каматата е договорено, **а не е определена нејзината стапка**, во договорите меѓу лицата од кои барем **едното не е трговец** се применува каматна стапка ***во висина од 1/3 една третина од стапката на законската казнена камата, за соодветната***

***валута***, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка ***во висина од 1/2 една половина од стапката на законската казнена камата за соодветната валута***, определена според одредбите на законот.

Доколку плаќањето на каматата е договорено, а не е определена нејзината стапка, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец (***односно е граѓанско лице***), се применува каматна стапка во висина од ***1/3*** (***една третина), од стапката на законската казнена камата, за соодветната валута.***

6.1.1. Пример за утврдување на стапка во договори помеѓу лицата од кои барем едното **НЕ Е ТРГОВЕЦ**, односно е граѓанско лице ***(правно физичко)***

- **Законска казнена камата** **12%**
- **1/3 од законска казнена камата (12% : 3)** **4%**
- **Стапка на договорна камата** **4%**

Ако плаќањето на каматата е договорено, **а не е определена нејзината стапка**, во трговските договори или договорите помеѓу трговци и лицата на јавното право, се применува каматна стапка ***во висина од 1/2 (една половина), од стапката на законската казнена камата за соодветна валута***, според одредбите на Законот за Облигациони односи.

6.1.2. Пример за утрвдување на стапката во трговски договори или договорите помеѓу трговци и лицата на јавното право ***(правно- правно)***

- **Законска казнена камата** **12%**
- **½ од законска казнена камата (12% : 2)** **6%**
- **Стапка на договорна камата** **6%**

### *7. НОВИ ПРАВИЛА ЗА СТАСАНА, А НЕИСПЛАТЕНА ДОГОВОРНА КАМАТА*

Со измените и дополнувањата на Законот за облигациони односи (“Службен весник на РС Македонија” 215/2021), се додаде нов член 389-а, **кој се однесува на договорната камата**.

Со измената на членот 389-а, се дефинира дека:

- **Кога износот на стасаната, а неисплатена договорна камата, ќе го достигне износот на главнината, КАМАТАТА ПРЕСТАНУВА ДА ТЕЧЕ.**
- **Одредбата од новиот член, се применува и за неплатената камата од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата била во рамките на умерена инфлација, односно до 50% на годишно ниво.**
- **Одредбите од новиот член не се применуваат од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата е во рамките на голема инфлација, односно над 50% на годишно ниво.**
- **Одлука за прогласување на година на ниска (до 3%), умерена (од над 3% до 50%) или висока инфлација (над 50%) донесува Советот на НБРСМ.**
- **Измените се применуваат од 01.10.2021 година.**

**ПРИМЕР:** Доколку одреден граѓанин или фирма, имал долг од пред 10 години, на сума од 1.000 денари, износот на каматите што му се трупале со години и кои на крајот ќе треба да ги плати, не смеат да бидат повисоки од 1.000 денари.

Или, тој граѓанин или фирма за овој долг од 1.000 денари, на крајот не треба да плати сума повисока од 2.000 денари.

**НАПОМЕНА: Значи согласно Законската одредба кога каматата ќе го достигне износот на главнината на долгот, таа престанува да се пресметува.**

Согласно член 388-б од Законот, ништовна е одредбата на договорот, со која се предвидува дека на каматата, кога ќе пристигне за исплата, **ќе почне да тече камата, доколку не биде исплатена по нејзиното пристигнување**, освен за депозитите кај банките, штедилниците и другите финансиски институции.

Дозволена е договорена одредба, со која однапред се договара зголемување на годишната каматна стапка, до највисоко дозволената, **во случај должникот да не ги исплати пристигнатите договорни камати навреме.**

Одредбите за договорната камата, сообразно важат и за другите обврски, што за предмет имаат предмети, определени според родот.

**НАПОМЕНА: Ако во трговските договори или договорите помеѓу трговци и лица на јавното право, е договорена повисока стапка на договорена камата од стапката на законската казнена камата, а притоа не е договорена договорна казнена камата, по задоцнувањето со исполнувањето на паричната обврска, тече само договорната камата.**

**Ништовна е одредбата** на Договорот, која предвидува **истовремено течење** и пресметување на **договорна и законска** казнена камата.

## ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА ОД 01.02.2010 ДО 31.12.2022 година

| **Период** | **Референтна каматна стапка** | **Казнена камата правно и правно** | **Казнена камата правно и физичко** | **Објава на НБРМ** | **Стапка на EURIBOR** | **Правно и правно** | **Правно и физичко** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10) | 4=(2+8) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06. 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | **8562 30.12. 2009** | 0,453% | 10,453 % | 8,453% |
| 01.07-31.12. 2010 | 5% | 15% | 13% | **4474 30.06. 2010** | 0,485% | 10,485 % | 8,485% |
| 01.01-30.06. 2011 | 4% | 14% | 12% | **2521 29.12. 2010** | 0,782% | 10,782 % | 8,782% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.07-31.12. 2011 | 4% | 14% | 12% | **5978 30.06. 2011** | 1,325% | 11,325 % | 9,325% |
| 01.01-30.06. 2012 | 4% | 13,75% | 12% | **9901 28.12. 2011** | 1,024% | 11,024 % | 9,024% |
| 01.07-31.12. 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **5631 29.06. 2012** | 0,373% | 10,373 % | 8,373% |
| 01.01-30.06. 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **10257 31.12. 2012** | 0,109% | 10,109 % | 8,109% |
| 01.07-31.12. 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | **23009 28.06. 2013** | 0,123% | 10,123 % | 8,123% |
| 01.01-30.06. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40842 31.12. 2013** | 0,216% | 10,216 % | 8,216% |
| 01.07-31.12. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21389 25.06. 2014** | 0,099% | 10,099 % | 8,099% |
| 01.01-30.06. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40009 29.12. 2014** | 0,018% | 10,018 % | 8,018% |
| 01.07-31.12. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **22941 29.06. 2015** | 0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06. 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **41260 29.12. 2015** | -0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12. 2016 | 4% | 14% | 12% | **21125 27.06. 2016** | -0,205% | 9,795% | 7,636% |
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **3845 30.12. 2016** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12. 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21905 29.06. 2017** | -0,372% | 9,627% | 7,627% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.01-30.06. 2018 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **39714 26.12. 2017** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12 2018 | 3,00% | 13,00% | 11,00% | **22066 27.06. 2018** | -0,370% | 9,630% | 7,630% |
| 01.01-30.06. 2019 | 2,50% | 12,50% | 10,50% | **40459 26.12. 2018** | -0,364% | 9,612% | 7,612% |
| 01.07-31.12. 2019 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06. 2019** | -0,388% | 9,612% | 7,612% |
| 01.01-30.06 2020 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06. 2019** | -0,438% | 9,562% | 7,562% |
| **03.04-30.04. 2020 (вонредна состојба)** | **1,75%** | **6,75%** | **5,75%** | **11011 03.04. 2020** | **-0,423%** | **4,577%** | **3,577%** |
| **01.05-31.05. 2020 (вон. состојба)** | **1,75%** | **6,75%** | **5,75%** | **12262 29.04. 2020** | **-0,460%** | **4,54%** | **3,54%** |
| **01.06-30.06. 2020 (вонредна состојба)** | **1,50%** | **6,50%** | **5,50%** | **14004 29.05. 2020** | **-0,482%** | **4,518%** | **3,518%** |
| **01.07-31.12. 2020** | **1,50%** | **11,50%** | **9,5%** | **15997 30.06. 2020** | **-0,51%** | **9,446%** | **7,49%** |
| **01.01-30.06. 2021** | **1,50%** | **11,50%** | **9,5%** | **31368 24.12. 2020** | **-0,554%** | **9,446%** | **7,446%** |
| **01.07-31.12. 2021** | **1,25%** | **11,25%** | **9,25%** | **19476 29.06. 2021** | **-0,555%** | **9,445%** | **7,445%** |
| **01.01.-30.06 2022** | **1.25%** | **11.25%** | **9.25%** | **37790/1 28.12.2021** | **-0.583%** | **9.417%** | **7.417%** |
| **01.07.-31.12 2022** | **2%** | **12%** | **10%** | **21955/1 17.06.2022** | **-0.508%** | **9.492%** | **7.492%** |

# ПРИДОНЕСИ

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО СТРАНСТВО, ЗА БОЛНИЧКО ЛЕГУВАЊЕ И ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ*

***Користењето на здравствените услуги на осигурените лица во странство е регулирано согласно Законот за здравствено осигурување ("Службен весник на РМ" 25/00 ... 171/17, 215/19, 77/21 ) и Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурените лица во странство ("Службен весник на РМ" 88/2013, 48/15, 68/15).***

### *ВОВЕД*

Осигуреното лице, има право на лекување во странство и користење на болничко лекување во странство, со одобрение на Фондот, во центри со кои Фондот има склучено договор, кога се исцрпени можностите за лекување во здравствените установи во Републиката, кога е упатен на привремена работа во странство и кога привремено престојува во странство. Осигуреното лице може да користи во странство и здравствени услуги на контролни прегледи, кои се однесуваат на веќе извршено болничко лекување во странство, одобрено од страна на Фондот, а кои не можат да се извршат во Република Македонија.

Фондот, може да склучува договори за болничко лекување во странство, за заболувања кои не може да се лекуваат во Републиката, по претходна спроведена постапка за избор на странската болница за лекување.

Осигуреникот, кој е упатен на привремена работа во странство, во земјите **со кои Р Македонија има склучено или преземено Договор за социјално осигурување**, здравствени услуги во странство, може да користи во обем и на начин утврдени со Договорот за социјално осигурување.

Осигуреникот, кој е упатен на привремена работа во странство, во земји **со кои Р Македонија нема склучено или преземено Договор за социјално осигурување,** може да користи здравствени услуги во странство, само за укажување на итна медицинска помош, ако придонесот за задолжително здравствено осигурување е платен согласно прописите за задолжително социјално осигурување.

Ако осигуреникот или работодавецот, кој го упатил осигуреникот на привремена работа во странство, во земји со кои Р Македонија нема склучено или преземено Договор за социјално осигурување и користењето на здравствената заштита во странство ја обезбедиле на свој товар, со посебен договор за осигурување, дадените здравствени услуги не паѓаат на **товар на средствата на Фондот.**

Осигурените лица кои се со место на живеење во земја со која Р Македонија има склучено или преземено договор за социјално осигурување, **во таа земја можат да користат здравствени услуги во обем и на начин утврден со договорот за социјално осигурување.**

**Осигурените лица кои привремено престојуваат во странство, можат да користат само итна медицинска помош.** Начинот на користење на здравствени услуги и најповолните цени на здравствените услуги во странство, ги утврдува Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

## *1. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО СТРАНСТВО*

Начинот на користење на здравствените услуги во странство, опфаќа:

**1) Болничко лекување во странство;**

**2) Здравствени услуги на осигурениците, кои се упатени на привремена работа во странство и кои привремено престојуваат во странство по друг основ;**

**3) Користење на итна медицинска помош во странство.**

### *1.1.1. Постапка за остварување на правото на болничко лекување во странство*

Согласно член 2 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурени лица во странство **(во продолжение Правилиникот)**, постапката за упатување на лекување во странство, се поведува по барање на осигуреното лице.

За малолетните лица и лицата лишени од деловна способност, барањето го поднесува родителот, посвоителот или старателот.

**Барањето се поднесува до Фондот** за здравствено осигурување на Македонија, преку подрачната служба во местото каде подносителот на барањето е пријавен во задолжително здравствено осигурување.

Осигуреното лице кон **БАРАЊЕТО** за болничко лекување во странство – (**ОБРАЗЕЦ Л1) - треба да ги приложи следните документи:**

**1. Предлог за упатување на лекување во странство, од соодветна универзитетска клиника во Скопје;**

**2. Медицинска документација за текот на лекувањето;**

**3. Доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.**

Документација која ФЗОМ, може да ја обезбеди по службена должност:

**1. Решение од Министерството за труд и социјална политика - центар за социјални работи (доколку осигуреното лице има својство на дете со посебни потреби);**

**2. Профактура од странска здравствена установа или приватна здравствена установа во РМ.**

**Предлогот за упатување на лекување во странство, го дава клиничкиот конзилиум** од најмалку тројца лекари субспецијалисти/специјалисти и директорот на соодветната универзитетска клиника во Скопје, **кој важи шест месеци** од денот на издавањето.

Предлогот за упатување на лекување во странство, ги содржи основните податоци за осигуреното лице, почетокот и текот на болеста, начинот на лекувањето, лабораториските, радиодијагностичките и други дијагностички испитувања, врз основа на кои е поставена дијагнозата, мислење дека заболувањето не може со успех да се лекува во Републиката, со предлог, осигуреното лице да се упати на болничко лекување во странство.

Во случај кога во предлогот за упатување на лекување во странство е наведено дека здравствената состојба на осигуреното лице е витало загрозувачка, односно постои непосредна опасност по неговиот живот, тогаш клиничкиот конзилиум дава мислење и во која земја и странска здравствена установа, постојат можности за успешно лекување на тоа заболување.

### *1.2.1. Обезбедување на профактури од странски здравствени установи*

Согласно член 5 од Правилникот, осигуреното лице кон Барањето, може да достави **една или повеќе профактури** од странски здравствени установи, со трошоци за болничкото лекување или контролен преглед.

Во случај, ако осигуреното лице **не достави ниту една профактура**, Фондот, по службена должност ќе пристапи кон прибавување на истата.

Фондот има право да прибави повеќе профактури од странските здравствени установи и приватни здравствени установи во Р Македонија, со кои Фондот склучил рамковен договор, доколку има потреба од истите.

Профактура по службена должност, можат да прибавуваат и Првостепената лекарска комисија односно второстепената лекарска комисја и соодветната Униврзитетска клинка во Скопје.

Трошоците во доставените профактури од странските здравствени установи, кои се однесуваат на дијагностичка постапка, контролни прегледи, пред да започне болничкото лекување на осигуреното лице во странство, како и контролни прегледи по завршување на болничкото лекување во странство, за кои осигуреното лице не спроведе постапка пред Фондот и сите останати трошоци, кои не се предвидени како трошок за лекување во странство, **не паѓаат на товар на Фондот.**

***НАПОМЕНА: Врз основа на предлогот за упатување на лекување во странство и бараната документација, оценка и мислење за потребата од лекување во странство дава Првостепената, односно Второстепената лекарска комисија за лекување во странство при Фондот.***

### *1.3.1 Оценка и мислење на Првостепената односно Второстепената лекарска комисија*

Согласно член 11 од Правилникот, оценката и мислењето на Првостепената и Второстепената лекарска комисија, содржи податоци за следното:

- **Дали се исцрепени сите можности за лекување во земјата, вклучувајќи ја и можноста за користење на здравствени услуги во приватна здравствена установа.**
- **Дали постојат можности за успешно лекување на заболувањето во странство, во која земја, односно во која странска болничка здравствена установа;**
- **Вид на лекување кое се предлага и времето потребно за лекување во странство;**
- **Дали на осигуреното лице му е потребен придружник, односно стручен придружник и за кое време (само при заминување, само при враќање, при враќање и заминување или за сето време на лекувањето во странство);**
- **Погодно превозно средство (воз, автобус, авион, кола за санитетски превоз) и начин на превозот;**
- **Потребата од продолжување на болничкото лекување и дополнителните трошоци во странска здравствена установа.**

На осигуреното лице, на кого при патување на лекување во странство, му е неопходно потребна медицинска и друга помош, кој е глувонем, слеп, неподвижен, на дете до 18 години возраст од животот и лице кое поради одредени физички и психички причини, не може сам да патува, може да му се одобри придружник, односно стручен придружник при одење и враќање.

**НАПОМЕНА: По исклучок за придружник на дете до 3 години возраст може да му се одобри сместување во болничка здравствена установа, за сето време на болничкото лекување.**

Кога повеќе осигурени лица, истовремено се упатуваат на лекување во странство, во иста земја и во исто место, може да се одобри еден стручен придружник.

### *1.4.1. Донесување Решение за лекување во странство*

Согласно член 14 од Правилникот по добиената согласност од странската здравствена установа за прифаќање на лекувањето, во која е одреден термин за прием на лекување и по добиена оценка и мислење на Првостепената и Второстепената лекарска комисија**, осигуреното лице врши уплата на лично учество од доставената профактура на странската здравствена установа, за лекување во странство, освен осигурените лица кои се ослободени од учество.**

Осигуреното лице, **врши уплата на учеството** и во сите случаи, кога е добиена согласност за лекување од странската здравствена установа, иако не е добиен термин за прием во странската здравствена установа на осигуреното лице.

**Фондот донесува Решение за упатување на лекување во странство,** по оценката и мислењето од Првостепената и Второстепената лекарска комисија и изврши уплата за учество.

Решението за упатување на лекување во странство задолжително **ги содржи следните елементи:**

- **Земјата, местото, здравствената установа, во која осигуреното лице се упатува на лекување;**
- **Времетраење на лекувањето;**
- **Дали се обезбедува придружник;**
- **Правото на патните трошоци, начинот на превозот и видот на превозното средство;**
- **Начинот на плаќање на трошоците за лекување;**
- **Износот на учеството на осигуреното лице во трошоците за лекување;**

- **Должноста на осигуреното лице, односно придружникот, да поднесат писмен извештај, со потребна документација за извршеното болничко лекување;**
- **Постапката за потребата од продолжување на болничкото лекување и дополнителни трошоци во странска здравствена установа.**

***НАПОМЕНА: Решението кое не ги содржи овие елементи е неподобно за административно извршување.***

Во случај на упатување на лекување во земја со која Р Македонија **има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување,** во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство и осигуреното лице е упатено на лекување во здравствена установа, во која се применува Договорот за социјално осигурување, во донесување на Решението**, Подрачната служба на Фондот, во местото каде што осигуреното лице е пријавено во задолжително здравствено осигурување, го издава двојазичниот образец**.

По исклучок, во случај кога здравствената состојба на осигуреното лице е таква да постои непосредна опасност по неговиот живот (**витално загрозувачка**), Фондот донесува решение за упатување на лекување на осигуреното лице за лекување во странство по итна постапка, на предлогот за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје и врз наод, оценка и мислење на Првостепената и Второстепената лекарска комисија за упатување на лекување во странство.

Решението Фондот **го донесува врз основа на:**

- **Барање за болничко лекување во странство;**
- **Предлог за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје, во кој клинички конзилиум дава и мислење, во која странска здравствена установа да се упати на болничко лекување осигуреното лице;**
- **Профактура од странската здравствена установа;**
- **Потребната медицинска документација и друга документација за текот на лекувањето во здравствените установи во републиката;**

- **Оценка и мислење од Првостерпената и Второстепената лекарска комисија на Фондот за потребата од итност за упатување на болничкото лекување во странската здравствена установа и**
- **Извршена уплата на учество со лични средства во трошоците за лекување.**

**НАПОМЕНА: Против решението на Фондот, осигуреното лице може да поднесе жалба, во согласност со член 31 став 16 од законот за здравствено осигурување. Управниот одбор на Фондот одлучува за жалбите со донесување на решение од страна на Второстепената лекарска комисија.**

***1.5 Уплата на средства за лекување во странство***

Согласно член 18 од Правилникот**, Фондот врши уплата на средствата за лекување во странство,** на странската здравствена установа, за осигуреното лице кое е упатено со решение од Фондот, во земја со која Р Македонија нема склучено (преземено) Договор за социјално осигурување, како и во случај кога осигуреното лице е упатено на лекување во здравстена установа, во која не се применува Договорот за социјално осигурување, по закажан термин за прием на лекување, во странската здравствена установа.

**Фондот врши уплата на средствата за лекување во странство на странскиот фонд за здравствено осигурување** (здравствено-осигурителна каса), за осигуреното лице кое е упатено со Решение на Фондот и со двојазичен образец во земја со која Р Македонија има склучено (преземено) Договор за социјално осигурување, во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство и осигуреното лице е упатено на лекување во здравствена установа, во која се применува Договорот за социјално осигурување.

***1.6. Постапка за продолжување на лекувањето и признавање на дополнителни трошоци***

Согласно член 19 од Правилникот, лекувањето во странство осигуреното лице, го остварува најдолго во траење утврдено со Решението.

Доколку во текот на лекувањето на осигуреното лице постојат оправдани причини за продолжување на истото на предлог на странската здравствена установа, во која осигуреното лице се лекува и доколку за лекувањето настанат дополнителни трошоци, Фондот може да му признае право на продолжување на одобреното лекување и надомест на дополнителните трошоци за лекување, по спроведувањето на постапката.

Постапката за продолжување на лекувањето во странска здравствена установа и признавањето на дополнителни трошоци за лекувањето, се спроведува врз основа на :

- **Барање за продолжување на лекување во странство и/или признавање на дополнителни трошоци за лекувањето;**
- **Предлог на странската здравствена установа за медицинската оправданост за продолжување на лекувањето, како и временскиот период на продолженото лекување, со понудена цена за истото;**
- **Потребна медицинска документација и друга документација за текот на лекувањето во странската здравствена установа и**
- **Оценка и мислење од простепената и второстепената лекарска комисија на Фондот, за потребата од продолжување на болничкото лекување во странската здравствена установа и/или потрбата од признавање на дополнителните трошоци за лекувањето.**

Во случај, ако странската здравствена установа, на осигуреното лице, навремено односно во текот на лекувањето **не му ги обезбеди сите потребни документи**, истото може да поднесе **барање за продолжување на лекувањето, како и надомест на дополнителни трошоци за лекувањето**, најдоцна во рок од 6 месеци од денот на отпуштањето од странската здравствена установа.

### *1.7. Извештај за лекување*

Согласно член 20 од Правилникот по враќањето, а најдоцна во рок од 7 дена, по завршеното лекување во странство, осигуреното лице и неговиот придружник до Фондот, поднесу-

ваат писмен извештај, со потребна медицинска и друга докумантација, за извршеното лекување, кој **содржи**:

- ✓ **Датум на поаѓање на осигуреното лице и неговиот придружник;**
- ✓ **Датум на прием во странската здравствена установа и**
- ✓ **Датум на враќање во земјата.**

Со извештајот за лекување, осигуреното лице ја поднесува следната документација**:**

- ✓ **Отпусно писмо и потврда за престој во болницата;**
- ✓ **Фактура за извршените здравствени услуги;**
- ✓ **Возни карти, врз основа на кои е извршен превоз со фискални сметки за купени карти во Република Македонија или друг доказ за плаќање доколку возните карти се платени во странство, и**
- ✓ **Друга документација**.

Со извештајот за лекување кое е извршено врз основа на решение на Фондот и двојазичен образец од Подрачната служба на Фондот, во земја со која Република Македонија има склучено (преземено) Договор за социјално осигурување, осигуреното лице ја поднесува документацијата, освен фактура од странската здравствена установа.

Осигуреното лице по завршеното лекување во странство, со отпусното писмо во кое е наведен текот на извршеното лекување, потребно е да се јави на преглед во соодветна Униврезитетска клиника во Скопје, која го издала предлогот за упатување на лекување во странство.

Клиничкиот конзилиум, врз основа на извршениот преглед и медицинската документација од странската здравствена установа, до Фондот доставува медицински извештај за успешноста на извршеното лекување во странство и дали е постигнато очекуваното лекување на осигуреникот.

Фондот, медицинскиот извештај на клиничкиот козилиум, го доставува до Првостепена и Второстепена лекарска комисија, кои до директорот на Фондот, доставуваат конечно мислење за извршеното лекување во странство на осигуреникот.

Доколку Фондот не е во можност да изврши пресметка на трошоците за извршеното лекување во странство, поради непостапување на осигуреното лице, согласно овие одредби, на товар на осигуреното лице паѓаат дополнителните трошоци за лекувањето и задоцнувањето на исплатата на побарува-њата на странската здравствена установа.

*1.8. Трошоци за болничко лекување*

Согласно член 21 од Правилникот врз основа од извештајот и документацијата, што е доставена до Фондот, Фондот подготвува пресметка за спроведеното болничко лекување во странство.

Како трошоци за болничко лекување во **странство, се сметаат:**

1. **Трошоците за извршеното болничко лекување, односно за контролен преглед во странската здравствена установа, вклучувајќи ги и трошоците за сместување и исхрана, во болничката здравствена установа.**
2. **Трошоците за превоз на осигуреното лице, односно одобрениот придружник;**
3. **Трошоците за лекови, набавени според предлогот во отпусното писмо на странската здравствена установа, неопходни за периодот до враќањето во земјата;**
4. **Патни и дневни трошоци, за стручниот придружник;**
5. **Трошоци за ортопедско и друго помагало, за кое постои медицинска индикација и е неопходно за време на болничкото лекување во странство, а кое поради природата на заболувањето мора да се аплицира во текот на самото лекување и е неопходно за периодот до враќање во земјата.**
6. **Трошоци за помошни медицински апарати, за кои постои медицинска индикација да се применат во текот на лекувањето како што се:** ***домашен вентилатор, вакум пумпа со резервоар или S - конектори или кислороден концентратор.***

Како трошоци за болничко лекување, се сметаат и трошоците за сметување и исхрана на одобрениот придружник на дете, **до 3 години возраст.**

Висината на трошоците за болничко лекување во странство, се утврдуваат според доставената фактура.

***НАПОМЕНА: Согласно член 32 став 2 од Законот, за здравствените услуги за одобрено лекување во странство, осигуреното лице учествува со 20% од вкупните трошоци, но не повеќе од 200 евра во денарска противвредност.***

Од учество со лични средства во вкупните трошоци, се ослободуваат деца со посебни потреби, кое го докажува со решение од надлежниот центар за социјална работа, при Министерството за труд и социјална политика, според прописите за социјална заштита.

***1.8.1. Патни и дневни трошоци***

Согласно член 22 од Правилникот, на осигуреното лице упатено на болничко лекување во странство и на одобрениот придржник им припаѓаат патни трошоци во висина на стварните трошоци за превоз, за одење и враќање, намалени за партиципацијата, утврдена во член 14 од Правилникот.

***1.8.2. Дневни трошоци за стручен придружник***

На одобрениот стручен придружник му се исплатува дневница **во висина од 100%** од дневницата утврдена со прописите за највисоките износи на дневниците за службено патување во странство.

***1.8.3. Пресметување на трошоците***

Согласно член 24 од Правилникот, доколку пред упатување на болничко лекување во странство, **е исплатен АВАНС за одобреното болничко лекување** во странство, со пресметката за болничко лекување се врши усогласување на повеќе, односно помалку исплатените средства.

**Разликата на средствата се уплатува, односно исплатува, најдоцна во рок од 7 дена по извршената пресметка.**

Ова се однесува за случаи на упатување на лекување во земји, со кои Р Македонија нема склучено **(превземено) Договор за социјално осигурување.**

Ако осигуреното лице е упатено на лекување врз основа на решение на Фондот и двојазичен образец од Подрачната служба на Фондот за социјално осигурување, пресметувањето на трошоците, ќе се врши согласно одредбите од договорот.

### *1.8.4. Контролен преглед*

Согласно член 25 од Правилникот, доклку странската здравствена установа предложи контролен преглед, или конзилиумот лекари од соодветната универзитетска клиника предложи контролен преглед во странската здравствена установа во која е извршено болничкото лекување, на осигуреното лице може да му се признае контролен преглед во странската болничка установа каде било извршено лекувањето, доколку во предлогот за упатување на лекување во странство е утврдено дека тој преглед е неопходен и ако таков преглед не може да се изврши во земјата.

Постапката за остварување на правото на контролен преглед е иста како и за користење на правото на болничко лекување во странство, **а се спроведува врз основа на**:

- **Барање за контролен преглед во странство;**
- **Предлог за упатување на контролен преглед во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје;**
- **Профактура од странска здравствена установа;**
- **Предлог на странска здравствена установа за контролен преглед;**
- **Потребна медицинска документација и друга документација за текот на лекувањето во странската здравствена установа и**
- **Оценка и мислење од Првостепената и Второстепената лекарска конисија на Фондот за пшотребата од контролен преглед во странската здравствена установа**.

### *1.9. Постапка за склучување на Договор за соработка со странска болница*

Согласно член 26 од Правилникот, Фондот може да склучува договори за соработка за болничко лекување со странски болници за здравствените услуги кои не се извршуваат во Р Македонија, со донесување на Одлука за склучување на договор за соработка, кои ќе се склучуваат по претходно објавена покана од страна на Фондот преку Меѓународен повик.

Управниот Одбор на Фондот, донесува одлука, со која странска болница ќе се склучи Договор за соработка од редот на странски болници кои ги исполнуваат утврдените минимум критериуми и бараните дополнителни услови во меѓу-народниот повик.

Во Договорите за соработка се уредуваат роковите за остварување на здравствените услуги, кои се согласно медицината базирана на докази, начинот на плаќање на здравствените услуги, задолжителни рокови на доставување на финансиската и медицинската документација за извршеното лекување, причините и условите под кои може да се раскине Договорот.

### *1.10. Користење на здравствени услуги во приватна здравствена установа во Република Македонија*

Согласно член 27 од Правилникот, доколку здравствените услуги, не се вршат во јавните здравствени установи од болничката здравствена заштита, а се вршат во приватните здравствени установи во Република Македонија, со кои Фондот нема склучено Договор, **Фондот може да склучи рамковен договор со овие здравствени установи.**

Во Договорот се регулира начинот на прифаќање на услугата, начинот на плаќање, начинот на комуникација, начинот на утврдување на цената и други права и обврски.

Цената на здравствената услуга опфаќа комплетна здравствена услуга во која се вклучени здравствената услуга, медицински потрошен материјал, лекови, сместување, сместување за придружник за дете до 3 години.

Осигуреното лице при користењето на здравствени услуги во приватна здравствена установа, учествува со лични средства, согласно Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица, во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите.

***1.11. Упатување на лекување на осигуреното лице во странство***

Согласно член 28 од Правилникот, Првостепената и Второстепената лекарска комисија, ги разгледува сите начини предвидени за избор на болница, во која предлага осигуреното лице да се упати на лекување, при тоа водејќи сметка за најповолната цена.

Оценката и мислењето на првостепената, односно за второстепената лекарска комисија, се однесува на упатување на лекување на осигуреното лице во приватна здравствена установа во Р Македонија, односно во странската болница.

Постапката за остварување на право на лекување/контролен преглед/продолжување на лекувањето и/или признавање на дополнителни трошоци на осигуреното лице во приватна здравствена установа во Р Македонија е иста како и за користење на овие права, при упатување на осигуреното лице во странска здравствена установа.

На осигуреното лице на кое му е одобрено лекување во една странска здравствена установа или приватна здравствена установа во Р Македонија, а истото лекувањето сака да го изврши во друга установа во која трошоците се повисоки, на Товар на осигуреното лице, паѓа разликата во трошоците.

Осигуреното лице кое се лекувало во странска здравствена установа или приватна здравствена установа во Р Македонија, ако не е упатено на лекување во согласност со одредбите од Правилникот, **нема право на надомест на тро-шоците од задолжителното здравствено осигурување.**

Осигуреното лице на кое клиничкиот конзилиум од соодветната Универзитетска клиника во Скопје, му издал предлог за упатување на лекување во странство, со цел спроведување на дијагностичка постапка или контролен пре-глед, пред извршување на болничко лекување, нема право за надомест на трошоците на Товар на Фондот.

***1.12. Двојазичен образец за упатување на болничко лекување во странство, со земји со кои ФЗО има склучено договор за социјално согурување***

**Двојазични обрасци, потврди**, за остварување на право на здравствени услуги по земји:

| Земја | Обрасци, потврди[1] |
|---|---|
| **Албанија** | РМ/АЛ - 12 |
| **Германија** | Д/РМ - 112 |
| **Италија** | Ит - 8 |
| **Луксембург** | РМ/Л - 112 |
| **Словенија** | РМ/СИ - 4 |
| **Словачка** | РМ/СК - 112 |
| **Унгарија** | РМ/ХУ - 112 |
| **Хрватска** | РМ/ХР - 9 |
| **Црна Гора** | РМ/МНЕ - 112 |
| **Чешка** | РМ/ЦЗ -112 |

***2. ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ КОИ СЕ УПАТЕНИ НА ПРИВРЕМЕНА РАБОТА ВО СТРАНСТВО И КОИ ПРИВРЕМЕНО ПРЕСТОЈУВААТ ВО СТРАНСТВО ПО ДРУГ ОСНОВ***

Согласно член 30 од Правилникот осигуреникот кој е упатен на привремена работа во земја со која Република Македонија **има склучено (превземено**) **Договор за социјално осигурување,** може да користи здравствени услуги во истата, странство, врз основа на двојазичен образец кој го издава подрачната служба а Фондот, каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

Постапката за издавање на двојазичниот образец се поведува по барање од правното, физичкото лице и државните органи.

**Кон Барањето, работодавачот поднесува:**

1. **Решение** за упатување на осигуреникот на привремена работа во странство;
2. **Согласност** за упатување на работници во странство, издадена од органот на управата, надлежен за работни односи;
3. **Лекарско мислење** за здравствената состојба на осигуреникот издадено од здравствената установа, која врши дејност медицина на трудот;
4. **Потврда** за платен придонес за задолжително здравствено осигурување**;**
5. **Здравствена легитимација на увид.**

**НАПОМЕНА: Двојазичниот образец се издава врз основа на документацијата од горе наведените услови, а по проверка на пријавата за задолжително здравствено осигурување (Образец ЗО-1) и потврдата за платен при-донес за здравствено осигурување.**

Двојазичниот образец, не се издава на осигуреници, за кои е утвдено дека боледуваат од акутни болести или кај кои постои нарушување на здравствената состојба која бара лекување и кои боледуваат од хронични и други болести поради кои е потребно подолготрајно лекување и лекарски надзор.

По завршувањето на привремената работа во странс-тво, работодавецот ***го известува Фондот за престанокот на привремената работа во странство*.**

Ако осигуреникот или работодавецот ги платиле трошоците за лекувањето во странство, Фондот ќе ги признае стварните трошоци во обем, утврдени со Законот за здравствено осигурување, намалени за пропишаното учество во трошоците за лекување во странство, ако со мѓународен договор поинаку не е определено.

Осигурените лица, кои привремено престојуваат (***приватно или службено, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска со меѓународна-техничка, научна и културна соработка*** ), во земји со кои Р Македонија има склучено (превземено) договор за социјално осигурување, можат да користат бесплатна итна медицинска помош, врз основа на двојазичен образец, кој го издава подрачната служба на Фондот, каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

***2.1. Двојазичен образец за право на користење на здравствени услуги во странство во случај на упатување на привремена работа со земји со кои има договор за социјално осигурување***

Постапката за издавање на двојазични обрасци, се поведува по Барање на осигуреното лице.

Кон Барањето, осигуреното **лице поднесува**:

1. **Потврда за здравствената состојба, издадена од Избраниот лекар;**
2. **Наод, оценка и мислење на лекарската комисија на Фондот.**

Осигурените лица на основа на обрасците, потврдите, се изедначуваат со осигурените лица на земјата во која престојуваат, односно ги имаат истите права и обврски во случај на потреба од здравствени услуги.

***НАПОМЕНА: Двојазичниот образец не се издава на осигурени лица за кои е утврдено дека боледуваат од акутни болести или акутни влошувања кај хронични болести.***

**Двојазични обрасци, потврди**, за остварување на право на здравствени услуги по земји:

| Земја | Обрасци, потврди[1] |
|---|---|
| Австрија | МК/А - 1 и МК/А - 6 |
| Албанија | РМ/АЛ - 101 |
| Белгија | РМ/БЕ - 101 и РМ/БЕ - 128 |
| Босна и Херцеговина | РМ/БиХ-1, РМ/БиХ-4 или РМ/БиХ-4А |
| Бугарија | РМ/РБ - 101 и РМ/РБ - 114 |
| Германија | Д/РМ - 101, Д/РМ - 111 и Д/РМ - 123 |
| Италија | Ит-1 и Ит-3 или Ит-7 |
| Луксембург | РМ/Л – 101/102РМ/Л-123 и РМ/Л-128 |
| Полска | РМ/ПЛ-101 РМ/ПЛ–111 и РМ/ПЛО-123 |
| Словенија | РМ/СИ - 1 и РМ/СИ - 5 |
| Србија | РМ/СРБ - 101 и РМ/СРБ – 128 |

| | |
|---|---|
| **Словачка** | РМ/СК – 101, РМ/СК – 123 И РМ/СК - 128 |
| **Турција** | РМ/ТР - 1 или РМ/ТР - 2 и РМ/ТР - 4 |
| **Унгарија** | РМ/ХУ–101, РМ/ХУ – 111, И РМ/ХУ - 123 |
| **Франција** | SE-21-01 и SE-21-04 A |
| **Холандија** | РМ/НЛ - 111 |
| **Хрватска** | РМ/ХР - 1 и РМ/ХР - 4 |
| **Црна Гора** | РМ/МНЕ - 101 и РМ/МНЕ - 128 |
| **Чешка** | РМ/ЦЗ - 101 и РМ/ЦЗ - 111 |

## *3. ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ ВО СТРАНСТВО – (КОРИСТЕЊЕ НА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ)*

### *3.1. Привремен престој во странство, во земји со кои има договор за социјално осигурување*

Осигурените лица кои привремено престојуваат (***приватно или службено, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска со меѓународно - техничка, научна и културна соработка и сл.***), во земји со кои Р Македонија има склучено меѓународен договор за социјално осигурување, можат да користат бесплатна итна медицинска помош, врз основа на потврда што ја издава подрачната служба на Фондот, каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

Постапката за издавање на потврдата, се поднесува по барање на осигуреното лице.

Кон барањето, осигуреното лице ги приложува следните документи:

- **Потврда за здравствената состојба, издадена од избраниот лекар;**
- **Наод, оценка и мислење на лекарската комисија на Фондот.**

**Потврдата не се издава** на осигурени лица за кои е утврдено дека боледуваат од акутни болести или акутни влошувања кај хронични болести.

**Двојазични обрасци, потврди, за користење на здравствени услуги во странство, во случај на стручно усовршување, школување, службено или приватно патување (туристичка посета), со држави со кои ИМА договор за социјално осигурување**

| Земја | Обрасци, потврди[1] |
|---|---|
| Австрија | МК/А - 3 |
| Албанија | РМ/АЛ - 111 |
| Белгија | РМ/БЕ - 111 |
| Босна и Херцеговина | РМ/БиХ - 3, |
| Бугарија | РМ/РБ - 111 |
| Германија | Д/РМ - 111 |
| Италија | ИТ - 111 |
| Луксембург | РМ/СИ - 3 |
| Србија | РМ/СРБ - 111 |
| Словенија | РМ/СИ - 3 |
| Словачка | РМ/СК – 111 |
| Турција | РМ/ТР - 4 |
| Унгарија | РМ/ХУ–111 |
| Франција | SE-21-04 и/или SE-21-04 A |
| Холандија | РМ/НЛ - 111 |
| Хрватска | РМ/ХР - 3 |
| Црна Гора | РМ/МНЕ - 111 |
| Чешка | РМ/ЦЗ - 111 |

***3.2. Користење на итна медицинска помош во земји со кои НЕМА договор за социјално осигурување или истиот не бил испочитуван***

Согласно член 38 од Правилникот, осигуреното лице кое привремено престојува во странство (***приватно или службено патување, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска меѓународна - техничка, научна и културна соработка и сл.***) во земји со кои Р Македонија **има** склучено (превземено) Договор за социјално осигурување и не ја спровеле постапката за издавање на двојазичен образец или привремено престојуваат во земји со кои Република Македонија **нема** склучено (***превземено***) Договор за социјално осигурување, **може да користат само итна медицинска помош.**

**Како итна медицинска помош се смета користење на здравствени услуги кои се неопходни за отстранување на непосредната опасност по животот и здравјето на осигуреното лице, додека трае таа опасност.**

Итноста на случајот, времетраењето на итноста и здравствените услуги потребни за отстранување на непосредната опасност по животот и здравјето на осигуреното лице, ја цени лекарската комисија на Фонодот врз основа на медицинската документација на странската здравствена установа.

Осигуреното лице кое користи здравствена заштита во итен случај е должно по завршувањето на итноста да се врати за да го продолжи лекувањето во земјата.

По завршувањето на итноста, **може да се одобри превоз за враќање на осигуреното лице** со санитетско возило во Р Македонија, врз основа на оценка и мислење на лекарската комисија на подрачната служба на Фондот, а по предлог на странската здравствена установа.

Ако по завршувањето на итноста, осигуреното лице **не се врати навреме во земјата и го продолжи лекувањето во странство, за тој период трошоците паѓаат на негов товар.**

***3.2.1. Поднесување на Барање за надомест на средства за извршени здравстени услуги во странство-ИТЕН СЛУЧАЈ***

По исклучок во итните случаи, кога не може да се примени меѓународен Договор за социјално осигурување, а осигуреното лице во странската здравствена установа се наоѓа

на подолготрајно болничко лекување, кое не е во можност сам да го плати и по завршување на истото да бара надомест на трошоците, согласно законот и правилникот, Фондот поведува постапка за утврдување на итноста, по службена должност.

По добивање на оценка и мислење од надлежната лекарска комисија од Подрачната служба на Фондот за итноста на случајот, **Фондот врз основа на доставена фактура од странската здравствена установа, врши уплата на средствата за извршеното лекување** во странство, на осигуреното лице.

Осигуреното лице, пропишаното лично учество во трошоците, го плаќа во странската здравствена установа.

Платените здравствени услуги, Фондот ги признава во полн износ, **намалени** за пропишаното учество за лекување во странство, врз основа на поднесено барање од осигуреното лице, на (**Образец Л3 - Барање за надомест на средства за извршени здравствени услуги во странство-ИТЕН СЛУЧАЈ)**

Кон барањето, осигуреното лице ги приложува следните документи:

- **Мислење од лекарката комисија на Фондот за итноста на случајот и времетраењето на итноста;**
- **Медицинска документација за извршените здравствени услуги во странство, со превод од овластен преведувач;**
- **Сметки (фактури) за платени здравствени услуги, со фискална сметка со превод од овластен преведувач;**
- **Потврда за платен придонес за задолжително здравствено осигурување;**
- **Здравствена легитимација на увид.**

Здравствените услуги, Фондот ги признава во полн износ, намалени за пропишаното учество за лекување во странство.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл.економист Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ 2022 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| ***Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2022 година (за даноци и придонеси)*** | ***43.509,00*** |
| ***НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50й од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2022 година, за образец (МПИН)*** | ***21.755,00*** |
| ***НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плати - (16 џ 43.509 )*** | ***696.144,00*** |
| ***Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2022 година*** | ***8.788,00*** |
| ***Дневница за службени патувања од 22.07.2022*** | ***2.507,00*** |
| ***Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2021 година*** | ***28.718,00*** |
| ***Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година*** | ***42.887,00*** |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2022 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за ***2022*** година, изнесува:

| ***43.509,00 денари.*** |
|---|

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2022 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08 ....... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2022* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***21.755,00 денари (43.509,00 x 50%).*** |

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)*** <br> ***21.755,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*** <br> ***43.509,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:*** <br> ***21.755,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2022 година***, изнесува:

| |
|---|
| ***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари).*** |

***3.2. Највисока основица за самовработени лица***

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***522.108,00 денари (12 x 43.509,00 денари)***

***3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво***

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2022 година**, изнесува.

***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари***

***3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност***

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***34.807,00 денари (43.509,00 денари x 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личн доход.***

## 4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ

| ПРИДОНЕСИ | Стап-ка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***ЈУЛИ/2022 година,*** по вработ. | 18,8% | ***4.090,00*** | ***130.875,00*** |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***ЈУЛИ/2022 година***, по вработен | 7,5% | ***1.632,00*** | ***52.210,00*** |
| Придонес за вработување за месец ***ЈУЛИ/2022 година***, по вработен | 1,2% | ***261,00*** | ***8.354,00*** |
| Придонес за професионално заболување за месец ***ЈУЛИ/2022 година,*** по вработен. | 0,5% | ***109,00*** | ***3.48100*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | ***28%*** | ***6.092,00*** | ***194.920,00*** |

## 5. МИНИМАЛНА ПЛАТА

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Период на важност | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 – 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 – 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 – 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |
| 4. | 01.03.2022 – 28.02.2023 | 18.000,00 | 26.422,00 | 41/2022 Закон |

## *6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2022 до 31.12.2022 година)*

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21), данокот на личен доход за доход од работа, се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *6.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2022*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| *Период* | *2022 годинс* |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.788,00*** |
| ***Годишно*** | ***105.456,00 (8.788 x 12)*** |

## *7. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1. Трошоците за живот за месец ***МАЈ/2022*** година во однос на месец ***АПРИЛ/2022*** година се ***ПОВИСОКИ за (2,0%).***
2. Право на пораст на платите за месец ***МАЈ/2022*** во однос на месец ***АПРИЛ/2022*** *година*, изнесува ***(1,0%).***

# *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***ЈУЛИ/2022*** година, изнесуваат:

***168 часа.***

## *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (V/2022), а се однесува за месец ЈУЛИ/2022 година, изнесува:***

***46.972,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.67 од 22.07.2022).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (III-IV-V/2022 година),*** а се однесува месец ***ЈУЛИ/2022 година изнесува:***

***46.830,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.58 од 22.06.2022).***

## *10. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***10.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (V/2022), а се однесува за месец ЈУЛИ/2022 година, изнесува:***

***31.407,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.66 од 22.07.2022).***

***10.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (III-IV-V/2022 година),*** а се однесува месец ***ЈУЛИ/2022 година изнесува:***

***31.337,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.66 од 22.07.2022).***

## *11. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *11.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(V), а се однесува за месец ЈУЛИ/2022 година*** изнесува:

***31.407,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.66 од 22.07.2022).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 31.407,00 денари:***

***За ОПШТЕСТВЕНИ правни лица***

| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** |
| --- |
| ***18.844,00 денари***<br>**(60% од основицата )**<br>***(31.407,00*** x ***60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА** |
| ***62.814,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)**<br>***(2 x 31.407,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 62.814,00 денари*** |

| ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО |
|---|
| *18.844,00 денари*<br>*(60% од основицата)*<br>*(31.407 x 60%)*<br>*Ослободен од Данок на личен доход до 18.844,00 денари.* |

***11.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР***

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(III-IV-V/2022 година),*** а се однесува за месец ***ЈУЛИ/2022 година, износува:***

| *31.337,00 денари* |
|---|

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.66 од 22.07.2022).***

Износот ***31.337,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица:***

| *РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР* |
|---|
| ***Регрес за годишен одмор*** (Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач):<br>❖ ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ЈУЛИ/2022 година изнесува:***<br>***12.535,00 денари во НЕТО износ***<br>***(31.337,00 x 40%)*** |
| ***Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС.***<br>***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***<br>***37.578,00 денари (46.972,00 x 80%)***<br>(***80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

**ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА**

***62.674,00 денари***

***(двократен износ од основицата (2 x 31.337)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 62.674,00 денари***

**ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА**

***31.337,00 денари***

***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход 11,1111%***

**ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО**

***18.802,00 денари***

**60% од основицата – (60% од *31.337,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 18.802,00 денари.***

**ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА**

***2.507,00 денари***

**- 8% од основицата (8% од *31.337,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 2.507,00 денари.***

**ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО**

- ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- ***20% од утврдената дневница,*** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- ***5% од утврдената дневница,*** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

**ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК**

***94.011,00 денари***

***во висина од ТРИ основици (3 x 31.337,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 94.011,00 денари.***

| ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО |
|---|
| 62.674,00 денари<br>во висина од ДВЕ основици (2 x 31.337,00 денари)<br>Ослободен од Данок на личен доход до 62.674,00 денари. |
| ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ |
| 31.337,00 денари<br>(во висина на основицата)<br>Ослободен од Данок на личен доход до 31.337,00 денари. |
| КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО<br>ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ |
| (во висина до 30% од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).<br>Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно. |
| НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН<br>ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ |
| (во висина на стварни трошоци)<br>Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111% |
| ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2022 |
| 5.744,00 денари<br>(во висина од 20% од просечна нето плата, исплатена во претходната 2021 година (28.718,00 x 20%)<br>Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 5.744,00 денари. |
| НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ<br>ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ |
| (поради повреда на работа и професионално заболување)<br>31.337,00 денари;<br>Во висина од една просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци<br>Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111% |

## *12. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ” 25/00...275/19, 77/21), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2022 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2021 година ***(4 x 28.718,00 денари).***

***114.872,00 денари.***

## *13. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2022 ГОДИНА*

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2022 година, изнесува:

***57.992,00 денари.***

## *14. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ЈУЛИ/2022 година*** изнесува (***2 x 31.525,00 денари)***

***63.050,00 денари.***

## *15. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка (“Службен весник на РМ” 25/00...251/21), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2021 година во РСМ во висина од:***

***21.444,00 денари (50% од 42.887,00 денари)***.

## *16. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД*

Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат ***во висина од износот од 2 просечни Месечни Бруто плати*** исплатени во претходната 2021 година, на годишно ниво по вработен, кои изнесуваат:

***85.774,00 денари**: (2 x 42.887,00).*

## *17. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

## *18. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок),* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| *Години поминати во работен однос* | *Висина на плата* |
|---|---|
| | |
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

| *Испратнина за 2022* | *Просечна Нето плата по работник во претходниот месец* | *Најнизок износ на испратнина* |
|---|---|---|
| **1** | **2** | **3 (2x50%)** |
| ***ЈАНУАРИ/2022*** | ***29.145,00*** | ***14.573,00*** |
| ***ФЕВРУАРИ/2022*** | ***29.130,00*** | ***14.565,00*** |
| ***МАРТ/2022*** | ***29.943,00*** | ***14.972,00*** |
| ***АПРИЛ/2022*** | ***29.980,00*** | ***14.990,00*** |
| ***МАЈ/2022*** | ***29.839,00*** | ***14.919,00*** |
| ***ЈУНИ/2022*** | ***31.080,00*** | ***15.540,00*** |
| ***ЈУЛИ/2022*** | ***31.525,00*** | ***15.763,00*** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

## *19. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практиканската работа кај работодавачот ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок кој се исплаќа од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок *се утврдува во НЕТО износ за полно работно време* во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

*** Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА*, *за практикантска работа ДО ТРИ месеци*; и**

*** Во висина на *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ месеци***, сметано **од четвртиот месец**.

**Минимална НЕТО плата *18.000,00 денари*.**

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

## *20. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студенти,во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз***

***основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%, а обврската за пресметка и уплата на придонесот паѓа на товар на установата од областа на образованието.***

## *21. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................... 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

## *22. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година ("Службен весник на РМ" 287/21), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***
***9.401,00 денари***
***(30% од просечна Месечна Нето плата,*** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% x 31.337,00)***
***(Ослободен од Данок на личен доход до 9.401,00 денари);***

| |
|---|
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***<br><br>***62.814,00 денари (2 х 31.407,00)***<br><br>***(двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена на денот на исплатата)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 62.814,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***<br><br>***31.407,00 денари***<br>***(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена на денот на исплатата)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 31.407,00 денари);*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***<br><br>***(за најмалку 10 години работа кај ист работодавач)***<br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година НЕ Е ПРОПИШАНА)*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***<br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година од 01.01.2022 година):***<br>***700,00 денари над 12 часа;***<br>***350,000 денари од 8 до 12 часа.***<br><br>***За вработените во МВР, Агенција за разузнавање, Агенција за национална безбедност и Управа за финансиска полиција:***<br>***2.000,00 денари над 12 часа***<br>***1.000,00 денари од 8 до 12 часа.***<br><br>**Доколку на вработениот на службен пат во земјата му е обезбедено сместување и исхрана, му припаѓа 20% од дневницата.** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***<br><br>***(двократен износ од просечна Месечна Нето плата, по работник исплатена во РМ до денот на исплата***<br>***62.814,00 денари (2 х 31.407,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 62.814,00 денари.*** |

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** <br><br> ***(Согласно член 21 од Гранскиот Колективен договор за Органи на државна управа, Стручни служби на Влада на РМ, Судовите, Јавните обинителства, Казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државно правобранителство, општините, градот и општините на градот Скопје Агенциите, Фондовите и други органи основани од Собранието на РМ ("Службен весник на РМ" 51/20, 172/21),*** вработениот **има право** на регрес за годишен одмор, во висина **од најмалку:** <br> ***9.000,00 денари НЕТО,*** <br> под услов вработениот ***да работел најмалку шест (6) месеци, во календарската година кај работодавачот.*** |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК*** <br><br> ***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2022 година, НЕ Е ПРОПИШАН).*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ <br> ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** <br><br> Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2022 година, во висина од **една просечна месечна нето плата** *(во Органот каде што е вработен).* <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ*** <br><br> ***(во висина на стварни направени трошоци).*** <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ <br> ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ ЗА ЈУНИ//2022*** <br><br> ***6.433,00 денари (42.887,00 х 15%)*** <br> ***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2021 година***): <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 6.433,00 денари.*** |

| |
|---|
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2022 година изнесува:*** <br><br> ***81,60 денари*** <br> Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***(“Службен весник на РМ” 293/2021).*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84-Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР- (за задолжително социјално осигурување)*** **за V/2022 година,** ***се однесува за месец ЈУЛИ/2022 година изнесува:*** <br><br> ***24.444,00 денари (50% од 48.889,00)*** |

***22.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор***

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| **До 7 дена<br>До 15 дена<br>Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата<br>80% од основицата<br>90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв, бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА: Просечна исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

***22.2. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР***

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ” 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа..............................................29%***
- ***Работа ноќе...............................................................29%***
- ***Работа во три смени .................................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

**Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *23. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ЗА 2022 ГОДИНА*

### *23.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО НЕТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **18.000,00** |
| 2. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 9.212,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **1.024,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **19.024,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (19.024 x 1,3889)** | **26.422,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (7 x 18,8%) | 4.967,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (7 x 7,5%) | 1.982,00 |
| 9. Придонес за вработување (7 x 1,2%) | 317,00 |
| 10. Придонес за дополнително (7 x 0,5%) | 132,00 |
| 11. **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **7.398,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (7 -11) | 19.024,00 |
| 13. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12-13) | 10.236,00 |
| **15. Данок на доход (14 x 10%)** | **1.024,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6-11-15)** | **18.000,00** |

### 23.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО БРУТО износ

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **26.422,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.967,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.982,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 317,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 132,00 |
| 6. **Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **7.398,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 - 6) | 19.024,00 |
| 8. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 - 8) | 10.236,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **1.024,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6- 10)** | **18.000,00** |

### 23.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **21.755,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.090,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.632,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 261,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 109,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **6.092,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 15.663,00 |
| 8. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 6.875,00 |
| **10. Данок на доход (10 x 10%)** | **688,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **14.975,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 21.755,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 21.755,00 |

***- (вкалкулирана бруто плата),***

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 21.755,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 14.975,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 688,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 6.092,00 |
| **- *(за пресметана плата, даноци и придонеси***), | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 14.975,00 | |
| 2340 – Данок од плата | 688,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 6.092,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 21.755,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

## *23.4. Пресметка на Плата која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА (165 x 43.509,00)** | **696.144,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 130.875,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 52.210,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 8.354,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.481,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **194.920,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 501.224,00 |
| 8. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 492.436,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **49.244,00** |
| **11. Нето плата (1 – 6– 10)** | **451.980,00** |

## *23.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 194.920,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **505.080,00** |
| 4. Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 496.292,00 |
| **6. Данок на личен доход** *(5 x 10%)* | **49.629,00** |
| **7. Нето плата (3 - 6)** | **455.451,00** |

ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

# КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

***Коефициент на МДБ за месец ЈУНИ 2022 изнесува (8,2%)***

